Општинско основно училиште
„Наум Охридски“, с. Булачани-Скопје

# К О Д Е К С

## на однесување на ученици во училиштето во услови на Ковид 19

---

*КОДЕКС – значи правило. За сé што прават луѓето, постојат правила. Правилата служат за да им помогнат на луѓето да живеат поедноставно. Ако ги почитуваме правилата и престојот во училиштето во услови на Ковид 19 ќе ни биде полесен и попријатен.*

---

- Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава како и да ги извршува сите обврски утврдени со Годишната програма на училиштето;
- Ученикот е должен да го почитува протоколот на движење во и надвор од училиштето според дадените ознаки;
- Со наставникот и со другите вработени и ученици во училиштето, ученикот се поздравува без физички контакт;
- Ученикот е должен да ја почитува личноста на другите ученици, наставници и вработени во училиштето;
- Речникот кој го користи ученикот во училиштето мора да биде соодветен на местото и лицето со кое разговара. Ученикот во училиштето не смее да употребува вулгарни или навредливи зборови или да зборува со многу висок тон.
- Ученикот не се задржува по ходниците на училиштето и не влегува во други училници;
- Ученикот е должен да одржува физичко растјание од 1,5м;
- Ученикот е должен да носи заштитна маска која ги покрива носот и устата;
- Доколку ученикот остане без својата заштитна маска, веднаш се обраќа до наставникот за да му се даде нова;
- Искористената маска за еднократна употреба, хартиено марамче или ракавици ученикот ги фрла во кантите со капак за таа намена;

- Ученикот не ја симнува заштитната маска од лицето во внатрешноста на училиштето, освен во времето додека јаде ужинка во училницата;
- Ученикот е должен да ги почитува насоките од редарската служба да ги дезинфицира рацете и обувките и да дозволи да му биде измерена телесна температура, ако за тоа се укаже потреба;
- За време на часовите ученикот е должен да го одржува физичкото растојание од 1,5м и да носи заштитна маска;
- Доколку наставата се реализира на отворено ученикот не треба да носи заштитна маска, но има обврска да одржува физичко растојание од 1,5м од другите ученици;
- Ученикот е должен редовно да носи училишен прибор, учебници и тетратки и истите да не ги позајмува или разменува со другите ученици;
- Ученикот не може да го напушти часот без дозвола од наставникот кој го води тој час.
- Заради одржување ред, при одење во тоалет ученикот е проследен од дежурен наставник;
- Ученикот носи оброк/храна за ужинка од дома;
- Учениците оброкот го консумираат во училница во која реализираат настава;
- Учениците се должни, после ужината и пред заминување дома, отпадоците уредно да ги остават во корпата за собирање отпадоци во училницата;
- Учениците се должни да ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани;
- Доколку ученикот развие симптоми на КОВИД 19 должен е да ги почитува насоките од наставникот.
- Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува овој Кодекс на однесување.

ВД Директор

Даниела Димишковска